Општина Конче

Во смисла на член 34 став 1 точка 3 од Законот за заштита и спасување ("Сл.весник на РМ" бр. 36/2004; 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 93/2012; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018; 82/2020; 215/2021; 124/2025), Советот на општина Конче на седницата од 16.12.2025година , донесе

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

## НА ОПШТИНА КОНЧЕ-ЗА ЗАШТИТА ОД СНЕЖНИ НАМЕТИ ЗА 2025-2026 ГОДИНА

КОНЧЕ ДЕКЕМВРИ 2026

Изработил:

Самостоен референт за заштита и спасување на граѓаните, материјалните добра и справување со кризи
Дончо Тушев

**С О Д Р Ж И Н А**

**НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН**
**ЗА ЗАШТИТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ-снег,снежни намети,лавини,поледици (голомразици), наноси од земја и лизгање на земјиште.**

**ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ**

---

**-Вовед;**

**1.Општи географски-топографски каректеристики на подрачјето.**

**2.Проценка на степенот на загрозеноста од природни непогоди- снег, снежни намети,лавина ,поледици(голомразица),наноси од земја и лизганње на земјиште.**

**3.Број на жители во општината,по населени места.**

**4.Карта на општината.**

**5.Преветнивни мерки и активности за ЗС.**

**6.Оперативни мерки и активности за ЗС.**

**7.Преглед на сили ( републички,просторни) за ЗС**

**8.Преглед на расположливи моторни возила и механизација.**

**9.Постапка за мобилизација и ангажирање на силите, и механизацијата, за расчистување на теренот(по населени места).**

**10.Оперативна карта на општината и населените места со обележени критични места во услови на снег ,снежни намети, лавини,поледици,наноси од земја и лигање на земјиште.**

**11.Договори со правни субјекти за одржување на улици и локални патишта во зимски услови во сезона 2025-2026 год.**

**12.Постапка ,организација и начинна згрижување на загрозени и настрадани граѓани (сместување и исхрана)**
**13.Преглед на телефонски броеви заради кординација на субјактите.**

## ВОВЕД

### Што преставува одржување на патиштата

Зимско одржување на патиштата,

Основната цел на зимското одржување е да се овозможи непрекинат и безбеден сообраќај на сите учесници во сообраќајот. Неповолните временски влијанија кои се јавуваат во зимскиот период изразени преку ниски температури, присуство на снег и мраз на коловозната површина, можат битно да ја намалат пропусната моќ и нивото на условите на патот, или во краен случај да предизвикаат прекин во сообраќајот. Квалитетното спроведување на работите на зимската служба зависи од повеќе чинители и тоа: географската положба, специфичните климатски услови, надморската височина, економската моќ на општината, обемот на транспорт и густината на сообраќајот, сообраќајното оптоварување на патот, степенот на опременост со механизација, начинот на управување и менаџирање со избраниот модел на зимско одржување, соработката со останатите субјекти инволвирани во сообраќајот (МВР Сообраќајна полиција, АМСМ и Хидрометеоролошкиот завод, Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта ) и др.

### Периодично одржување на патиштата

Работи од периодично одржување се сите активности кои повремено се преземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура. Такви работи се: - надградба и поправка (рехабилитација) на дотраени коловози , - санација на свлечишта, - заштита и одржување на трупот на патот, - решавање на црни точки, - уредување на паркиралишта и приклучоци, - обнова на сигнализација и патна опрема, - садење на заштитни шумски појаси и хортикултурно уредување, - санација и зајакнување на мостови.

### Интервентно одржување на патиштата

Работи на интервентно одржување на патиштата се активности за отстранување на оштетувањата настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на патот во итни случаи поправки на патот после оштетување предизвикано од непредвидени настани и тоа: - Санација на штети од елементарни непогоди и временски непогоди (лавини,поплави, пожари, земјотреси и др.) Отстранување на последици од сообраќајни несреќи, излевање на опасни материи и др. При интервентното одржување се преземаат следниве мерки: - обезбедување на микролокацијата на елементарната непогода или непредвиден настан со: луѓе, сообраќајни знаци, бариери или друго физичко обезбедување, - итно расчистување на патот од последиците на елементарната непогода

## 1.Општи географски-топографски карактеристики на посдрачјето.

Општината зафаќа површина од 233,05 км2 и сместена е помеѓу Планината Смрдешник и Серта, една од поголемите реки е реката Крива Лакавица која се влева во вештачката акумулација брана Мантово, други вештачки акумулации се Конче1 и Конче 3 .

Општина Конче произлезе од општина Радовиш со која е поврзана со Регионален пат Р-606 преку овој пат се поврзува со другите центри : Струмица, Штип, Скопје.

Сите населени места во општината се поврзани со локални патишта. Должината на локалната патна мрежа во општината изнесува 25 км, од кои асфалтирани се 18 км, а 7 км се земјени патишта.

За ова поднебје е карактеристична умерено-континенталната клима, која се одликува со долги и топли лета со изразити максимуни на температурата до + 42 степени и долги и студени зими со изразити максимуни до -20 степени.

Во општина Конче зимата е многу студена и трае долго, со што се стварат услови за задржување на снегот по патиштата и од појава на голомразица.

Ваквите врнежи од снег можат да го отежнат сообраќајот на Рагионалниот пат Р-606 и локалните патишта со кој се поврзуваат населените места во општината.

Снежните врнежи он ашата општина се големи , со подолготрајно задржување и со просечна дебелина од 25-35см.

Во текот на годината можат да паднат 4-5 пати снежни намети со дебелина над 35 см., при што доаѓа до отежнато одвивање на сообраќајот по локалните патишта и улици низ населените места.

честите ветрови во зимскиот период прават наноси на дел од локалните патишта (најчесто на кривините), кое нешто уште повеќе го отежнува одвивањето на сообраќајот.

Одрони на патиштата се доста честа појава посебно на регионалниот пат Р-606, има наноси од песок и кал, посебно при обилни врнежи од дожд.

## 2.Превентивни мерки

Во изминатите години се случуваше одредени патни правци да бидат подмрзнати и сообраќајот да се одвива отежнато, или воопшто да не може да се одвива.

Со цел да се намалат опасностите од врнежи од снег и појава на голомразица, пред започнување на зимскиот период се врши:

- чистење на локалните патишта од обраснати грмушки и трева;
- чистење на банкините од земја и песок;
- снабдување на ЈКП Лакавица Конче со потребни количини на песок и сол, за посипување на локалните патишта и улици во населените места во општината.

- оспособување на екипа за брзи интервенции на терен(расчистување на снег и посипување со песок и сол на локалните патишта на територијата на општина Конче)
- обезбедување на механизација за расчистување на локалните патишта и улици он ас. Места во општината.
- Следење на временската прогноза.
- Известување на граѓаните за временската прогноза .
- Разговор со граѓаните во врска со снабденоста со основните продукти (масло за домакинствата, брашно и др).
- Разговор со сточарите за снабденоста со сточна храна.
- Разговор со колонијалните продавници во врска со снабдебноста со основните продукти.

Сите овие превентивни мерки се превземат посбно во населените места г. Липовик, Гарван, Загорци, и Скоруша се со цел за превземање на оперативни мерки во случај на поголеми навеви од снег,голомразици и одронување на земјиште на критичните места кој се посочени во картата на општината.

## 3. Број на жители во општината по населени места

Според пописот од 2021 гдина општина Конче брои 2725 жители , густината на населението е 12 жители на 1км2и просечна надморка височина од 550 м
Седиштето на општината е во населеното место Конче во кое живеат 915 жители од кој 53% се од турката националност, бројот на жители во останатите населени места е следниот .

- Деино =498
- Ракитец =355
- Д. Липовик =362
- Лубница =252
- Габревци =220
- Гарван =3
- Скоруша =0
- Загорци =1
- Г.Липовик=119

Три населени места се неаактивни т.е. не населени тоа се населените места: Негерновци, Д. Радеш. Враштица . во овие населени места има викендици и манастири кој се посетуваат само во летниот период.

## 4.КАРТА НА ОПШТИНАТА




Картата на општината е прикажана само со границите на општината без ризичните места, а додека ризичните места се следните:Р-606 Радовиш -Конче кој спаѓа во категорија 3 за одржување е во надлежност на МП , ризични места на 606 Радовиш-Конче се : МВ Осојот и МВ Бадамарот на кој места доага да

голомразици  и може да дојде до одронување на земјиште  и спречување на нормално одвивање на сообраќајот, за спомanатите ризични места редовно се известуваат ЈП Македонија Пат. Ризично место на локален пат Д.Липовик- Г. Липовик  е на излезот од с.Д.Липовик према г.Липовик , на МВ  Скокот На влезот од с. Г. Липовик, Влез на с.Ракитец на МВ Каурски Гробишта,на влезот на с. Габревци. За сите ризични места кој се на локалните патишта во општината известено е ЈКП- Лакавица кое со Одлуката за комунален ред ,програмата  за зимско одржување  и догововорите кој се склучуваат за време траење од една година  се задолжува  за одржување на истите.

## 4.Оперативни мерки

На територијата на општина Конче постои и активно работи ЈКП Лакавица-Конче.

Со Одлуката за комунален ред,и програмата за зимско одржување донесена од Советот на општината, ЈКП Лакавица има обврска за одржување на локалните патишта и улици (што подразбира и зимско одржување).

Претпријатието има 14- вработени . Од механизација располага со неколку косачки, рачни колички, лопати, копачи и слично,  трактор (Ландини) со 85 кс  кој е опремен со нож за чистење на снег  и циклон за расфрлање на сол,трактор ДЕУТЗ-ФАХР со 80  којнски сили опремен со  нож  за чистење  на снегот, со набавката на машина СКИП  66 кс  и камион кипер  со  соларка и опремена со  хидраулика  за посатвување на нож за

чистење на снег,со што се обезнедени подобри **услови за расчистување на снежните навеви во зимскиот период** .

Бидејки споменатата механизација и човечки ресурси не се доволни за да ги задоволат потребите од расчистување на локалните патишта и улици при евентуални врнежи од снег, потребно е претпријатието навреме, по донесување на Програмата за зимско одржување од страна на Советот на општината (најдоцна до месец ноември), да склучи Договор за зимско одржување со правно лице кое располага со соодветна механизација и човечки ресурси да одговори на потребите за ангажирање и навремено расчистување на локалните патишта и улици.

Во случај на пообемни врнежи од снег и појава на долготрајни голомразици, од страна на  општината ќе се формира Координативно тело за отстранување на последиците, во кое ќе бидат вклучени правни лица од општината кои располагаат со соодветна механизација , а ќе се вклучи и локалното население.

Со Координативното тело ќе раководи Градоначалникот на општината. Во табелата  од програмата  за зимско одржување на советот на општина Конче  се опишани приоритетите  на локалните патишта за чистење од снег и голомразици.

**5.Просторни сили за ЗС**

**-ЕЛС Конче**
**-МС за цивилна заштита.**
**-ЈКПД-Лакавица-Конче**
**-ДПТТУ- ЛИПАЦ-с.Д. Липовик.**
**-МЗ од општина Конче.**
**-Доброволно противпожарно друштво**

**6.Постапка, организација за згрижување на населението и исхрана при поголеми врнежи од снег.**

На територијата на општина Конче може да се каже дека во секое населено место би имало потреба за сместување на граѓани и нивна исхрана за 2-3 семејства, луѓе социјалнни случаеви на кој и стамбените објекти во кој се сместени, во зимниот период при поголеми врнежи од снег може да дојде до нивно срушување. Објекти во кој ќе се сместуваат овие лица има во секое населено место : во с. Ракитец објект на МЗ, Културен дом, Пункт на здравен дом Радовиш, во с.Г.Липовик во основно училиште, во с.Г . Липовик во објект на МЗ. Во Дедино во објект на МЗ, во Габревци во објект на основно училиште, во Конче во објект на МЗ и во Лубница во објект на МЗ. На овие луѓе додека се сместине во овие објекти ќе се организира исхрана со средства од Буџетот на општина Конче во кој за социјални случаи се планирани **250.000** денари.

**7. Преглед на телефонски броеви, заради кординација и соработка на субјектите**

| Ред бр. | Субјект | Раководител | Контакт Телефон |
|---|---|---|---|
| 1. | МЗ Јован Занев Горни Липовик | Јане Коцев | 071-558-376 |
| 2. | МЗ Црвена Застава- Лубница | Дончо Стефанов | 070-930-242 |
| 3. | МЗ Горица Ракитец | Златко Јанкулуов | 077-990-101 |
| 4. | МЗ Лубин Ацков- Габревци | Ристов Игор | 071-253-710 |
| 5. | МЗ Бела Река Д. Лповик | Гоше Атанасов | 070-531-810 |
| 6. | МЗ Смрдешник Дедино | Роберт Ристов | 071-632 878 |
| 7. | ЈКПД Лакавица Конче | Ивана Атанасов | 075-496-018 |
| 8. | Општина Конче | Дончо Тушев | 032-630 325<br>075-496-013 |
| 9. | ДПТТУ-Липац с.Д.Липовиќ | Нацо Коцев | 071-253-082 |
| 10 | Претседател на Совет на општина Конче | Бранкица Вчкова | 070 680 135 |
| 11 | Преставникк на МЗ-Скоруша, Загорци,Гарван,Викенд населба Мантово | Геро Михов | 070-522-605 |

## 8.Влегување во сила на Оперативниот план на општина Конче

Оперативниот план на општина Конче за утврдување на обврските на ЈПКД "Лакавица"-Конче за превземање на превентивни мерки и активности за отстранување на последиците од можните природни непогоди или други несреќи во зимски услови, влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-2444/12
Дата 16.12.2025
Конче

Совет на општина Конче
Претседател,
Бранкица Вчкова,